# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 178** **29 август 2019, четврток** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2757. | **Одлука** за именување член на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија................................ | 2 |
| 2758. | **Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Исламската Република Авганистан.......................................... | 2 |
| 2759. | **Резолуција** за долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2019-2028 ................................ | 2 |
| 2760. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на вишокот на средства на дел од акумулираната добивка на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија – Скопје и уплата во Буџетот на Република Северна Македонија............. | 3 |
| 2761. | **Одлука** за одобрување на ревидираната Годишна сметка и Финансиските извештаи за период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје .. | 3 |
| 2762. | **Одлука** за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2018 година ..................................................... | 4 |
| 2763. | **Одлука** за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2018 година........................ | 4 |
| 2764. | **Одлука** за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2018 година........................ | 4 |
| 2765. | **Одлука** за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2018 година........................ | 5 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2766. | **Одлука** за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2018 година | 5 |
| 2767. | **Одлука** за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2018 година | 5 |
| 2768. | **Одлука** за изменување на Одлуката за определување на бројот на Државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија | 6 |
| 2769. | **Решение** за разрешување од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Валандово | 6 |
| 2770. | **Решение** за разрешување од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Валандово | 7 |
| 2771. | **Статутарна одлука** за изменување и дополнување на Статутот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија | 7 |
| | **Огласен дел** | 1-72 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2757.**

Врз основа на членот 18 став (1) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" број 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 27 август 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. За член на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија се именува Андријана Нелкова-Чучук.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Број 08 – 4703/1
27 август 2019 година
Скопје

Претседател на Собранието на Република Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

---

**2758.**

Врз основа на членот 41 став 3 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/11, 151/11 и 215/15), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 27 август 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО МИРОВНАТА ОПЕРАЦИЈА „ОДЛУЧНА ПОДДРШКА“ ВО ИСЛАМСКАТА РЕПУБЛИКА АВГАНИСТАН

1. За учество во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Исламската Република Авганистан се испраќаат 7 (седум) штабни старешини на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата), во Командата за обука, советување и асистирање - Север во Мазар е Шариф, за период од 6 (шест) месеци, сметано од септември 2019 година до март 2020 година.

2. Финансиските трошоци за плати и надоместоци на плати на припадниците на Армијата за време на извршувањето на мировната операција, ги обезбедува Министерството за одбрана, а трошоците за транспорт, сместување и исхрана ги обезбедуваат партнерските земји.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата за учество во мировната операција, ги врши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на учеството во мировната операција, Владата на Република Северна Македонија поднесува извештај пред Собранието на Република Северна Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Број 08 – 4704/1
27 август 2019 година
Скопје

Претседател на Собранието на Република Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

---

**2759.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 17 точка 10 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Собранието на Република Северна Македонија на ден 27 август 2019 година, донесе

**Р Е З О Л У Ц И Ј А**
**ЗА ДОЛГОРОЧНИОТ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ОДБРАНБЕНИТЕ СПОСОБНОСТИ 2019-2028**

Уважувајќи ја волјата на граѓаните на Република Северна Македонија за мирен развој и просперитет, демократија, обезбедување на стабилност и безбедност,

Водејќи се од интересите на Република Северна Македонија за членство во НАТО и политичка, економска и безбедносна интеграција во Европската Унија,

Ценејќи ја поддршката покажана од земјите членки на НАТО за членство на Република Северна Македонија во Северноатлантската алијанса покажана преку досегашните ратификации на Протоколот за членство на Република Северна Македонија,

Водејќи се од желбата за сопствен придонес и учество во изградбата на мирот и стабилноста во регионот, Европа и пошироко,

Сметајќи ги Програмата за продолжени реформи на Владата на Република Северна Македонија, Планот за интеграција во НАТО како и Стратегискиот одбранбен преглед 2018 Македонија, Политичката рамка и сите документи произлезени од Стратегискиот одбранбен преглед како главни инструменти за планско, целесообразно и долгорочно насочено трансформирање на одбраната на Република Северна Македонија и нејзините вооружени сили,

Собранието на Република Северна Македонија

1. Одлучи да го поддржи долгорочниот План за развој на одбранбените способности 2019-2028 утврден од Владата на Република Северна Македонија како документ кој ќе обезбеди завршување на започнатите процеси и документи од Стратегискиот одбранбен преглед.

Собранието на Република Северна Македонија цени дека со оваа резолуција и започнатите процеси на трансформација покрај долгорочно ориентиран развој на одбраната, ќе се обезбедат вистински и реални насоки за планирано, систематско и балансирано инвестирање во развојот на одбранбените способности, хармонизација на законодавството, документите и процедурите за трансформација и развој на одбраната и вооружените сили компатибилни со НАТО.

2. Оваа резолуција ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Број 08 – 4723/1
27 август 2019 година
Скопје

Претседател на Собранието на Република Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2760.**

Врз основа на член 11 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 20 август 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИШОКОТ НА СРЕДСТВА НА ДЕЛ ОД АКУМУЛИРАНАТА ДОБИВКА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА – СКОПЈЕ И УПЛАТА ВО БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на вишокот на средства на дел од акумулираната добивка на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија – Скопје и уплата во Буџетот на Република Северна Македонија бр. 02-903/7 од 20.8.2019 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 16.7.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5512/1
20 август 2019 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**2761.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10,48/10, 24/11,166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата одржана на 20 август 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕВИДИРАНАТА ГОДИШНА СМЕТКА И ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЕРИОД ОД 1.1.2018 ГОДИНА ДО 31.12.2018 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се одобруваат ревидираната Годишна сметка и Финансиските извештаи за период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година на Акционерско-

то друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, ревидирани од овластен ревизор, усвоени со Одлука бр.02-6734/2-2 од 25.6.2019 година на Одборот на директори на Акционерското друштво.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5737/1
20 август 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**2762.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10,48/10, 24/11,166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата одржана на 20 август 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2018 година, усвоен со Одлука бр.02-7065/2-2 од 5.7.2019 година на Одборот на директори на Акционерското друштво.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5737/2
20 август 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**2763.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, на седницата, одржана на 20 август 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ЧЛЕНОТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА**

Член1

Со оваа одлука се одобрува работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, за период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година и тоа:

- Кристијан Трајковски – Извршен член на Одбор на директори.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5737/4
20 август 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**2764.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11,166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата одржана на 20 август 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ЧЛЕНОТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за период од 3.4.2018 година до 31.12.2018 година и тоа:

- Шукри Масурица – неизвршен член на Одбор на директори.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5737/5
20 август 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**2765.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11,166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата одржана на 20 август 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ЧЛЕНОТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА**

Член1

Со оваа одлука се одобрува работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година и тоа:

- Џеват Исени – претседател на Одбор на директори.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5737/6
20 август 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**2766.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10,48/10, 24/11,166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата одржана на 20 август 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ЧЛЕНОТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА**

Член1

Со оваа одлука се одобрува работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година и тоа:

- Силвана Јовчевска – независен неизвршен член на Одбор на директори.

Член2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5737/7
20 август 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**2767.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10,48/10, 24/11,166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата одржана на 20 август 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ЧЛЕНОТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА**

Член1

Со оваа одлука се одобрува работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година и тоа:

- Александар Цуцулоски –неизвршен член на Одбор на директори.

Член2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија “.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-5737/8 | Претседател на Владата |
| 20 август 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**2768.**

Врз основа на член 4 ставови 2 и 3 од Законот за Државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/07 и 104/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 20 август 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ДРЖАВНИТЕ ПРАВОБРАНИТЕЛИ ВО ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Одлуката за определување на бројот на Државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/08 и 215/18), во насловот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Членот 2 се менува и гласи:

„За подрачјето: Охрид, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Штип и Прилеп, се определуваат по двајца државни правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

За подрачјето: Битола, Тетово, Струга, Кичево, Кочани и Велес се определуваат по тројца државни правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

За подрачјето: Гостивар и Куманово, се определуваат по четворица државни правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

За подрачјето: Скопје се определуваат осумнаесет државни правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија.“

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-5748/1 | Претседател на Владата |
| 20 август 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**2769.**

Врз основа на член 190 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019 и 146/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 20 август 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВАЛАНДОВО**

1. Од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Валандово, се разрешува Љубица Невеселова, поради постоење состојба на судир на интереси.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

| | |
|---|---|
| Бр. 24-6305/2 | Заменик на претседателот |
| 20 август 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**2770.**

Врз основа на член 183 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019 и 146/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 20 август 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВАЛАНДОВО**

1. Од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Валандово, се разрешува Роберт Марков, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

| | |
|---|---|
| Бр. 24-6547/1 | Заменик на претседателот |
| 20 август 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | **Оливер Спасовски,** с.р. |

# ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2771.**

Врз основа на член 56 став 1 точка 2) од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија, на седницата одржана на 31 јули 2019 година, донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Статутот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/12 и 64/15), во насловот и во членовите 1 и 2 зборот „Македонија“ се заменува со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 2

Член 4 се менува и гласи:

„Називот на Фондот на македонски јазик е: Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Скратен назив на Фондот на македонски јазик е : ФЗОРСМ.

Називот на Фондот на албански јазик е: Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Скратен назив на Фондот на албански јазик е: FSSHRMV.

Називот на Фондот на англиски јазик е: Health insurance fund of Republic of North Macedonia.

Скратен назив на Фондот на англиски јазик е: HIFRNM.

Седиштето на Фондот е во Скопје, на улица „Македонија“ бр. 5.“

Член 3

Член 5 се менува и гласи:

„Фондот во своето работење ги употребува следните печати:

1. Печатот што се користи во централната служба на Фондот има облик на круг со пречник од 40 мм. Во средината на печатот е грбот на Република Северна Македонија. Во горниот полукруг во првиот концентричен круг е испишано името на Република Северна Македонија, во вториот и третиот концентричен круг е испишан текстот „Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија а во четвртиот е испишано „Скопје”. Во долниот полукруг истиот текст е испишан на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

2. Печатот што се користи во подрачните служби на Фондот има облик на круг со пречник од 40 мм. Во средината на печатот е грбот на Република Северна Македонија. Во првиот концентричен круг е испишано името на Република Северна Македонија и местото во кое е седиштето на подрачната служба, во вториот концентричен круг е испишан текстот „Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија“ а во третиот концентричен круг е испишан текстот „подрачна служба“.

На печатите што се користат во подрачните служби на Фондот во Велес, Гостивар, Дебар, Кичево, Крушево, Куманово, Прилеп, Скопје, Струга и Тетово, во горниот полукруг во првиот концентричен круг е испишано името на Република Северна Македонија, во вториот и третиот концентричен круг е испишан текстот „Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија“ а во четвртиот концентричен круг е испишан називот на подрачната служба. Во долниот полукруг истиот текст е испишан на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Ако во централната служба на Фондот и во подрачните служби на Фондот се користат повеќе печати, еден печат е без број, а секој од останатите има свој број.

Штембилот на централната и на подрачните служби на Фондот има форма на правоаголник во кој е испишан текстот „Република Северна Македонија - Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија" и местото во кое е седиштето на Фондот, односно на подрачната служба, а подолу примено, организациона единица, број, прилог и вредност.

На штембилот што се користи во централната служба и на штембилите во подрачните служби на Фондот во Велес, Гостивар, Дебар, Кичево, Крушево, Куманово, Прилеп, Скопје, Струга и Тетово, текст од ставот 4 на овој член е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо и јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Штембилот што се користи во централната служба и штембилите на подрачните служби на Фондот во Велес, Гостивар, Дебар, Кичево, Крушево, Куманово, Прилеп, Скопје, Струга и Тетово се со димензии 65х40 мм, а штембилите на останатите подрачни служби се со димензии 60х30 мм.“

Член 4

Во член 7 во ставот 2 во воведната реченица зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Во став 2 во алинеите 4 и 5 зборот „Македонија“ се заменува со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 5

Во членовите 14, 15 став 1, 19 и 20 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 6

Во член 23 став 1 во алинејата 6 кратенката „РМ“ се заменува со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 7

Во членовите 26 став 2 во алинеите 2, 3 и 4 и 29 став 2 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 8

Оваа статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 02-13590/1
31 јули 2019 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
д-р **Ридван Асани,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622
2019178